МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Декември 2013
БРОЈ 149

## Етничката дискриминација сè уште предизвик за македонското општество

На 5 декември 2013 година, МЦМС организираше јавна дебата на тема „Состојбата и предизвиците на дискриминација по основ на етничка припадност".

Агим Нухиу, универзитетски професор и член на Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) зборуваше за состојбите со дискриминацијата на етничка основа од аспект на Комисијата. „Охридскиот рамковен договор донесе придобивки за етничките заедници, меѓутоа сè уште има предизвици за Комисијата и останатите институции кои имаат надлежности во борба против дискриминацијата. Такви се: прашањето на употребата на службените јазици, правичната и соодветна застапеност во институциите, па и одредувањето на правата и поволностите за сите учесници во вооружениот конфликт од 2001 година", рече Нухиу.

Лулзим Хазири од Асоцијацијата за демократски иницијативи се осврна на актуелната правна и политичка рамка, како и на европските и меѓународните стандарди за спречување и заштитата од дискриминација. На домашен план тој даде неколку примери на етничка дискриминација кои се однесуваа на вработувањето и на образованието. „Не е доволно само да бидат донесени законите, тие треба и да се спроведат. Освен тоа, треба да се работи на подигање на јавната свест и јакнење на капацитетите на надлежните институции". Според Хазири, во борбата против дискриминацијата важна улога имаат и граѓанските организации па затоа тој побара тие да бидат поддржани.

Дискусиите на учесниците беа фокусирани на улогата на Комисијата како и на подобрувањето на капацитетите за нејзино функционирање.

Проектот го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот финансиски е поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија.

## 20 години МЦМС

### 1.578 проекти за повеќе од 50 милиони евра

МЦМС одбележа 20 години од своето постоење и работење. Јубилејот беше одбележан на 12 декември 2013 година преку презентирање на постигнатите резултати.

„За најголема почит се сите ваши кампањи, вашите иницијативи, активности, програми и проекти", рече во своето обраќање испратено до МЦМС, Ѓорѓе Иванов, претседател на Република Македонија. „МЦМС особено успешно и посветено работеше на развојот на граѓанскиот сектор преку активен ангажман за развој на капацитетите на поединци и организации, како и во процесот на изготвувањето правна регулатива и во изработката на стратегии и акциони планови. Навистина е тешко со зборови да се сублимира и да се измери сето она што макотрпно и максимално професионално е сработено. Ползата од активностите на МЦМС ја почувствувале, ја чувствуваат и ќе ја чувствуваат македонските граѓани. Тие се и основниот репер за достигнувањето на МЦМС", додаде тој во обраќањето.



Од името на управувачките структури на присутните им се обрати Ризван Сулејмани, претседавач на Управниот одбор на МЦМС. „Во спроведувањето на програмите МЦМС успеваше да мобилизира голема поддршка од меѓународни извори", рече Сулејмани во своето обраќање. „Тоа е и еден од описите на организацијата - посредник меѓу локалните потреби и меѓународните можности", додаде тој.

Зборувајќи за вредностите на кои се потпира работата на организацијата, Алексaндар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС истакна дека најдобрите резултати на МЦМС се постигнувале кога имало поголема кохезија на идеите и ставовите, меѓу членовите на Управниот одбор и меѓу вработените, но и пошироко со соработниците и партнерите. „Тоа не ги исклучувало критиките или разликите во мислењата, напротив – токму така се доаѓаше до најдобрите решенија", рече тој.




МЦМС спроведе 1.578 проекти со вкупен буџет од 50.980.876 евра. Најголем дел од финансиите беа користени за основна и итна помош (30%), а најголем број од проектите се однесуваа на граѓанското општество и демократија (36%). Најголем дел од финансиите што ги обезбеди МЦМС за спроведување на своите активности беа од Конзорциумот за Македонија (составен од агенции поврзани со Светскиот совет на црквите) и тоа 69%, потоа, од ЕУ и од други владини и меѓувладини агенции (13%), додека 12% се од сопствени приходи.

Повеќе од половината проекти (53%) се спроведени со финансиска поддршка, а по 20% се спроведени преку развој на капацитети и застапување. МЦМС во своето 20 годишно работење спроведе 791 обука и консултација преку кои беа обучени 18.674 претставници не само на граѓанскиот сектор, туку и на државната администрација, локалните самоуправи и бизнис секторот.




МЦМС ја препозна потребата за институционална меморија на анализите, дебатите и решенијата што граѓанскиот сектор ги нуди не само за прашањата од својот сектор туку и за прашањата од поширок општествен интерес. МЦМС издаде 148 публикации. Во последните години се фокусираше на спроведување и публикување на истражувања кои треба да придонесат кон аргументирана расправа за клучните прашања на македонското општество.За важните општествени прашања МЦМС спроведе 10 кампањи. Најголем дел од нив се уште се во свежо сеќавање на јавноста, нивните слогани се уште се живи, како на пример „Цело е кога има се!" или „Кажи Македонија" и „Јас живеам овде". Вредностите и пораките што ги носеа со себе се уште се актуелни.




Во своите 20 години работа МЦМС покажа дека има висок капацитет за прилагодување на брзите промени кои се случуваат во општеството. Новите предизвици пред организацијата се предводење на понатамошниот развој на граѓанското општество во Македонија и проширување на активностите и надвор од Македонија. Новите генерации на МЦМС се веќе подготвени за соочување со тие предизвици.

## Ќе се реновираат и санираат споредните улици во Шуто Оризари

Граѓаните на Шуто Оризари со вкупно 35 гласа го избраа проектот „Реновирање и санација на споредни улици“ како најприоритетен проект кој ќе биде финансиран од проектниот фонд на програмата Форуми во заедницата. На петтата форумска сесија што се одржа на 4 декември 2013 година, во ОУ Браќа Рамиз Хамид, со почеток во 17:00 часот присуствуваа 139 граѓани на општина Шуто Оризари и гости.

Покрај избраниот, граѓаните може да гласаат и за проектите „Реновирање и санација на централни улици“; „Улично осветлување“; „Уредување на јавни површини“ и „Уредување на тротоарите и просторот околу нив“.

Градоначалникот на општина Шуто Оризари Елвис Бајрам на присутните граѓани им честиташе на направениот избор, а потоа од страна на граѓаните ги прими и 26-те препораки, за кои истакна дека, тој заедно со општинската администрација ќе направи се што е во рамките на нивните можности, истите да се реализираат во што е можно поголем број.

И граѓаните беа задоволни од резултатите од гласањето. „Среќен сум што најмногу гласови доби проектот за кој навивав од самиот почеток, иако морам да признам дека и другите проекти се убави и се надевам дека во иднина, општината ќе реализира некои од нив“, ни рече Себастијан Селим. Трајан Али имал друг фаворит. „Јас мислев дека проектот за уредување на јавните површини ќе добие најмногу гласови, меѓутоа поголемиот дел од присутните граѓани гласаа за проектот за реновирање на споредните улици. Се надевам дека општината заедно со градоначалникот ќе се потрудат да најдат начин, со општински средства да реализираат и некој од другите проекти од Форумот во заедниците, кои вечерва не беа изгласани од страна на граѓаните“, рече Трајан Али.

На крајот на форумската сесија беше формирана Работна група составена од учесници на Форумот, која во наредниот период ќе врши следење на спроведувањето на избраниот проект и препораките дадени од граѓаните.

# Дипломи за над 160 жени

Над 160 корисннчки на програмата „Оспособување на жените погодени од конфликтот“ од скопскиот, тетовскиот, кумановскиот и мавровскиот регион успешно ги завршија курсевите за англиски јазик и работа на компјутер.
На 25 и 26 декември 2013 година во Куманово, Скопје и во Тетово им беа доделени дипломи за успешно завршување и потврди за учество во курсевите.

Учесничките го изразија своето задоволство од можноста да стекнат нови вештини, да се информираат за други обуки и за вработување, да учествуваат во другите активности на проектот, како и за можноста меѓусебно да се запознаат.

„Ви благодарам за вашето активното учество, но и за поддршката што ни ја дававте преку промоција на проектот и мотивација на други жени за учествуваат во него“, рече Даниела Стојанова, раководител на проектот. Таа ги запозна учесничките со можностите за учество во следните активности, како што се курсевите за електронско сметководство, фризерство, возачка дозвола и сл. Присутните беа информирани и за слични активности на други организации и институции, како и за можноста во рамки на проектот заинтересираните учеснички да добијат совети и планови за личен развој и вработување.

Курсевите за англиски јазик и компјутерски вештини ги испорача Центарот за странски јазици, подготвителни курсеви и обука „Флуент“.



*Учесничките на обуките од скопскиот регион*

Проектот „Оспособување на малцинските жени погодени од конфликтот“ е финансиран од Европската Унија во рамките на 4-та компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), го спроведува МЦМС со партнерите со цел да се поддржи пристапот на жените погодени од конфликтот до пазарот на трудот.

### Подобрени вештини за вработување

Од 11 до 12 декември 2013 година, 28 корисннчки на програмата од скопскиот, тетовскиот и кумановскиот регион стекнуваа знаење за подобрување на вештините за вработување. Учесничките на обуката учеа како да подготват биографија, мотивациско писмо, ги совладуваат техниките за успешен настап на интервју за работа, а учеа и како да направат лични акциски планови. Покрај ова, на обуката учесничките имаа можност да се запознаат и со правната рамка за социјални и економски права со фокус на работничките права и правото при вработување.

Тие имаа можност да се дружат меѓусебе и да споделат различни искуства од учеството во другите активности на програмата, како што се курсевите за странски јазик и работа на компјутер или пак обуката низ работа. Учесничките ја оценија обуката како многу корисна и интересна и се надеваат дека новите вештини во иднина ќе им овозможат полесен пристап до пазарот на трудот. Обуката ја спроведе организацијата Обука за одржлив развој (ОРТ).

# Глобално водство

МЦМС и Институтот за демократија (ИДСЦС) за прв пат го спроведоа истражувањето „Глобално водство, соседство и односи со Бугарија“, кое треба да послужи за информирана јавна дебата за предизвиците на Македонија во натамошните евроатлантски интеграции.

Граѓаните, од аспект на глобална политика, најдобро мислење имаат за Германија (14,5 %) и САД (11,2 %). Турција (16%), Србија (12,2%), САД (8,2%), Германија (8,2%) и Албанија (5,8%) се петте најпријателски земји на Македонија. Кина е шеста (2,5%), Русија (1,8%) е на деветто место. Турција (14,6%) , Србија (11,6%), САД (10,9%), Германија (5,8%) и Словенија (3,7%) се пет најдобри сојузници на Македонија.

Постои евроатлантската ориентација на граѓаните, збирот на земји за кои постои најдобро мислење, а кои се членки на НАТО, изнесува 56,5 %. Исто така постои и перцепција на земји членки на НАТО за најдобри сојузници на Македонија, при што збирот изнесува 42,3 %.

Постои одреден национален консензус за глобалното водство и сојузништвото. Поточно, ставовите на граѓаните за најдобра земја, како и за најпријателска земја и за најдобар сојузник на Македонија се релативно хомогени по основ на етничка припадност и партиско симпатизерство.

Според 93,2 % од граѓаните односите со соседите се важни за Македонија. Граѓаните ја перципираат Србија (42,5 %) како најпријателски сосед, по која следи Албанија (18,5 %), додека најнепријателски сосед е Грција (81,2%), а секој петти граѓанин (22,8 %) мисли дека ниту еден сосед не е најпријателски за Македонија. Ставовите за Србија и Албанија како најпријателски сосед се разликуваат меѓу етничките Македонци и Албанци, а за Грција како најнепријателски сосед нема разлики по етничка припадност и партиско симпатизерство.

Етничките Македонци имаат најдобри лични искуства со Србија (52 %), најмногу ја познаваат нејзината историја и култура (51,9 %) и за неа имаат најдобро мислење (63,7 %). Етничките Албанци имаат најдобри лични искуства со Албанија (44,3 %), најмногу ја познаваат нејзината историја и култура (64,8 %) и имаат најдобро мислење за неа (71,9 %).

Испитувањето на јавното мислење направено преку теренска анкета во периодот 15 ноември – 1 декември 2013 г на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници со +/- 3 % грешка. Анкетата ја спроведе М-проспект, чија одговорност беше и нејзината методолошка исправност.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 41а, П.Фах 55, 1060 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.mk | mcms@mcms.mk